Кримската војна. Застапени се и извештаи за здравствената ситуација во Македонија во врска со појави на колера и сл.

„Мошне опстоен приод е направен кон следењето на стопанските особености на Македонија во она време. Тоа е покажано преку кварталните и годишните стопански извештаи на македонските трговски центри, на внатрешната и надворешната трговија, трговската размена и трговските операции како и состојбата на пазарите" (VIII). Посебно се говори за британската трговија, а во тој контекст и за британските трговски куќи во Солун, Серез и Лариса. Покрај тоа, во документите се регистрирани разни неправилности во даночниот систем, зголемени такси, давачки и даноци, лихварски трансакции и сл. Во извештаите станува збор и за спроведување на реформите на Танзиматот, Хатихумајунот и сл. Регистрирани се разните злоупотреби на локалните власти, грабежите и злосторствата на разбојничките банди и башибозукот, како и зголемување на народниот отпор особено во доба на Кримската војна, ајдучкото движење и сл. Покрај тоа станува збор и за големогрчката пропаганда, како и за своеволијата на патријаршиските митрополити.

Општо земено, извештаите на британските дипломатски претставници во Македонија третираат широк спектар на настани и појави што овозможува да се добие определена претстава за општествено-економските и политички прилики во Македонија во средината на минатиот век.

Поради сето ова, третиов том на публикацијава „Британски документи за историјата на македонскиот народ" (1848—1856 г.) претставува непроценлив вруток на податоци за расветлување на македонското минато во овој несомнено значаен период во македонската, османската и европската историја.

Димитар ДИМЕСКИ

## Д-Р ВЛАДИМИР КАРТОВ, АНГЕЛ ДИНЕВ, ОДБРАНИ ДЕЛА, I—III КНИГА. „КУЛТУРА", СКОПЈЕ, 1983

Македонските издавачки куќи во последните неколку години забележија значителен успех во издавањето на монографски трудови за истакнати македонски општествени, културно-просветни и револуционерни дејци. Пред нас се наоѓа и најновиот монографски труд на д-р Владимир Картов за животот и делото на истакнатиот македонски општественик, револуционер, журналист и историски публицист Ангел Динев.

Овој монографски труд во три книги, во средината на оваа година (1983) го издаде „Култура" од Скопје по повод 80—годишнината од Илинденското востание.

Во првата книга д-р Владимир Картов се осврнува за животниот пат и дело на Ангел Динев од неговото раѓање во 1891 год. па сѐ до смртта во 1952 год. Книгата содржи 264 страници, поделена е на шест дела и тоа: дел I (9—24 стр.) — селото Смоквица, родното

место на Ангел Динев. Во овој дел се дадени основните податоци за местоположбата, појавата и развојот на македонското националноослободително движење во Смоквица, родното место на А. Динев, како и за семејното потекло и детинството на А. Динев. Во вториот дел (25—54 стр.) што носи наслов: „Во редовите на македонското ослободително движење (1908—1911), В. Картов ја изнесува почетната револуционерна активност на А. Динев најнапред во редовите на ученичкиот револуционерен кружок во Солунската гимназија, потоа како секретар на гевгелискиот околински комитет на ВМРО и неговата положба и активност во виорот на Балканските и Првата светска војна. Третиот дел од книгата (55—115 стр.) претставува централен. Во него е прикажан најбурниот национално-револуционерен и најплоден публицистички дел од животот на Ангел Динев. Поделбата на Македонија и трагедијата на илјадници Македонци да живеат надвор од неа ја понесе и Ангел Динев со себе како емигрант во Бугорија. Овој бурен период во животот на А. Динев, на многу продлабочен и суптилен начин го прикажува д-р В. Картов под наслов: „Прилог на Динев во развојот на македонската национална мисла во периодот меѓу двете светски војни". Во почетокот на овој дел авторот зборува за вклучувањето на А. Динев во редовите на новото македонско прогресивно движење во Бугарија (1918—1920.), потоа за почетоците на журналистичката и публицистичката дејност на А. Динев од 1922 до 1929 година, за културно-просветната и политичката дејност на А. Динев меѓу гевгелиската емиграција (1928—1934 год.), за неговата улога во издавањето и редактирањето на списанието „Македонски вести" (1935—1936) и за историско-публицистичката и политичката дејност на Динев непосредно пред Втората светска војна. Со опсежната анализа и заклучоци за журналистичката и публицистичката актива на А. Динев, д-р Владимир Картов успеал на широк план да го прикаже бунтовниот и неуморен лик на А. Динев од чие перо излегоа значајни журналистички и публицистички трудови. Четвртиот дел (117—148 стр.) д-р В. Картов го посветува на животот и дејноста на А. Динев во интернација и во концентрационите логори на фашистичка Бугарија (1940—1944 год.). Во почетокот на овој дел се прикажани во општи црти интернациите и концентрационите логори во Бугарија, потоа дадени се поводите и причините за интернирањето и логорувањето на А. Динев, неговото интеренирање и логорување во текот на 1940 година, антифашистичката дејност на Динев во втората половина на 1942 год. и почетокот на 1943, неговата патриотска дејност во Концлогорот Крсто-Поле, Ксантиско — Грција, потоа за животот во логорот „Свети Кирик", Асеновградско. Морничавите слики од логорскиот живот на А. Динев даваат јасна слика за илјадници напредни граѓани и антифашисти коишто скапувале по логорите и затворите на фашистичка Бугарија. Петтиот дел (149—207 стр.) под наслов: „Во одбрана и заштита на отечествено-

фронтовската власт, на македонската национална посебност и македонската држава“ го опфаќа во почетокот проблемот за односот на БРП(к) и на отечествено-фронтовската власт спрема македонското национално прашање (1944—1947 год.) потоа авторот се задржува кон општествено-политичката и публицистичка дејност на А. Динев во периодот од 9 септември до крајот на 1944 год. Особено значајно место во овој дел од книгата е дадено за улогата на А. Динев во афирмацијата на македонската национална самобитност од 1945 до 1947 година и на крајот е расветлена Резолуцијата на Информбирото, БРП(к) и *Ангел Динев* — неговиот категоричен став и жестока осуда на ставот на ЦК БРП (к) спрема македонското прашање изнесено на XVI пленум, како и исклучувањето на Ангел Динев од редовите на БРП(к) поради несогласувањето со нејзините ставови по однос на македонското национално прашање. Во последниот дел од оваа книга (стр. 209—227) д-р В. Картов го разгледува животот и работата на А. Динев во слободната родна татковина. Овде е изнесен македонскиот патриотски лик на Ангел Динев и неговото вклучување во градежот на македонската историска и политичка мисла. На крајот од книгата даден е заклучот (220—233.), хронологија на животниота пат и творечкиот опус на Ангел Динев (237—246 стр.), список на користените изворни материјали и литература (249—252 стр.), список на лица чии мислења се консултирани за одделни настани и моменти од животниот пат на Ангел Динев (253—254 стр.), регистар на личните имиња (255—258 стр.) и регистар на географските и геополитичките поими (259—261)..

Целосно земено книгата е градена по строг научен принцип. Авторот консултирал богат фонд од публикувани и непубликувани изворни материјали, спомени, периодични изданија и литература. Во анализата на делата од А. Динев, Д-р Владимир Картов дава и критички забелешки за одделни настани и појави кои го прават делото побогато и поиздржано. Тој го разгледува и прикажува делото на А. Динев претежно од историско-публицистички аспект и доаѓа до заклучок дека делото на А. Динев има историско-публицистички карактер коешто во науката, барем до сега, како такво не е прикажувано и секако дека таквото становиште фрла нова светлина на овој проблем.

Монографијата за Ангел Динев претставува драгоцен прилог во македонската наука и култура, а по својата композиција, продлабоченост и богат фонд на фактографски материјали може да послужи како пример како треба да се пишуваат монографии за одделни личности или настани

Во втората книга д-р Владимир Картов извршил избор и редакција на дела од Ангел Динев. Книгата е поделена на два дела и содржи 371 стр. Во првиот дел од книгата (1—164 стр.) застапени се неколку одбрани статии и огледи објавени од Ангел Динев во следните весници и списанија: „Илинден“ односно „Пирин“ и „20 Јули“ (1922—1924), „Емигрантска

мисла" (1922 год.), „Македонски вести" (1935—1936.), „Гоцев јубилеен весник" (1938), потоа публикацијата „Македонски Словени" (1938) и едно писмо од проф. д-р Никола Вулиќ (1939 год.). Сите овие материјали А. Динев ги публикувал во периодот меѓу двете светски војни. Во вториот дел (169—255 стр.) поместени се написи и одделни публикации коишто А. Динев ги објавил во периодот од 9 септември 1944 година до втората половина 1948 год. Во почетокот дадени се околу дваесетина одбрани статии и прилози објавени во весникот „Доброволец" (1944—1946 год.), потоа публикацијата „Етнографската идеја на Македонските Словени" издадена во Софија во 1944 година. Како посебна целина од овој дел означен како поднаслов бр. 3 (259—329 стр.) даден е еден досега необјавен ракописен матреијал на Динев под наслов „Јане Сандански и неговата борба против великобугарскиот шовинизам". Овој материјал Динев почна да го подготвува уште додека бил во Бугарија во 1947 година, а го завршил во Скопје при крајот на 1948 година. На крајот од книгата во поднаслов бр. 4 други прилози (333—364 стр.) застапени се следните материјали: Апел до Македонците во Бугарија (Апелот е испратен непосредно по 9 септември 1944 година, а се чува во Архивот на Македонија, писма: До АСНОМ на македонската држава од 25. XII 1944 годи.; До Централниот комитет на БРП(к) — Софија (пропратно писмо до ЦК БРП (к), заедно со излагањето на Македонскиот централен иницијативен комитет, во врска со Резолуцијата на XVI пленум на ЦК БРП(к), од 13 VII 1918 год.); Излагање од членовите на Централниот иницијативен комитет на македонските културно-просветни друштва во Бугарија и други македонски дејци; Писмо на А. Динев до еден негов пријател и соработник од антифашистичкото движење во Бугарија. На крајот е даден написот „Ботев за братството и единството на Јужните Словени". Книгата завршува со вообичаениот регистар на личните имиња.

Редакторот на оваа книга д-р Владимир Картов несомнено вложил сериозен и голем труд при изнаоѓањето и редактирањето на трудовите од Ангел Динев застапени во книгата. Тежината се состои во тоа што овие творби на Ангел Динев досега не беа познати или малку познати на македонската наука, а публикациите во кои се објавени статиите и прилозите се ретки и тешко се наоѓаат. За пофалба е и тоа што В. Картов за првпат обелоденува и ракописен материјал од А. Динев. Изнесениот материјал е подреден по хронолошки ред, со што е овозможен подобар преглед во развојот на творечкиот и национално-револуционерен лик на А. Динев.

Главна содржина на скоро сите творби на А. Динев, застапени во оваа книга, се борбата на македонскиот народ за национална и социјална слобода. Тој во неговите дела се јавува и како бескомпромисен борец против сите фалсификатори на македонската национална историја, доследен борец за македонската национална самобитност и државност.

Посебно место заземаат и неговите трудови во кои го разобличува поновиот великобугарски национализам кој дојде до посебен израз по Резолуцијата на Информбирото во 1948 година кога воскреснаа старите завојувачки претензии кон Македонија.

Во третата книга од Одбраните дела на Ангел Динев е застапена монографската публикација „Политичките убиства во Бугарија" која на македонската јавност и е позната од 1951 година кога беше објавена првпат. Редакторот на оваа книга д-р Владимир Картов има извршено извесно дополнение со биографски белешки за цитираните и нецитираните извори и литература, а на некои места има извршено и мали скратувања на текстот поради повторување на истиот. Изоставени се фотографиите и придружниот текст во врска со одделни лица поради технички причини (слаба изработка на фотографиите). На крајот на мислење сме дека во Избраните дела на А. Динев требало да биде застапено и неговото најзначајно дело „Илинденска епопеја" I и II том, бидејќи и занив се чувствува недостиг и потреба.

Општо земено издавањето на избраните дела на Ангел Динев претставува значаен настан во македонската наука и култура и истите срдечно им ги препорачуваме на читателите.

Михајло ГЕОРГИЕВСКИ

## КРЕСНЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО МАКЕДОНИЈА 1878—1879 (Материјали од научниот собир одржан по повод 100- годишнината од востанието, во Берово од 2 до 4 октовмри 1978 година)

По повод 100-годишнината од Кресненското востание во Македонија 1878—1978 година, во издание на Македонската академија на науките и уметностите излезе од печат зборникот на материјали од научниот собир одржан во Берово од 2 до 4 октомври 1978 година под наслов „Кресненското востание во Македонија 1878—1879". Зборникот излезе од печат во средината на 1982 година и содржи вкупно 674 страници.

Во оваа прилика нужно е да истакнеме дека Македонија во седумдесеттите години на XIX век била зафатена со низа револуционерни движења изразени во бунтови, востанија и други форми на отпор, проткаени со мислата за национално ослободување и осамостојување.

Како континуитет на Разловечкото востание што избувнало во Пијанец и Малешевијата, по Српско-турските и Руско-турските војни 1878 година, а како протест против Санстефанските неправедни одлуки за Македонија, се јавиле низа револуционерни движења што ја зафатиле речиси цела Македонија, почнувајќи од Кумановско-кривопаланечкиот крај, Пијанец, Малешевијата, па се до долината на реката Струма, кои имале голема национална определеност и карактер за разлика од претходните востанија.